UNITED NATIONS

INTERNATIONAL CRIMINAL TRIBUNAL FOR THE FORMER YUGOSLAVIA

CHURCHILLPLEIN 1, P.O. BOX 13888
2501 EW THE HAGUE, THE NETHERLANDS
TELEPHONE: +31 70 416 5326
FAX: +31 70 416 5307

NATIONS UNIES

TRIBUNAL PÉNAL INTERNATIONAL POUR L'EX-YOUGOSLAVIE

CHURCHILLPLEIN 1, B.P. 13888
2501 EW LA HAYE, PAYS-BAS
TELEPHONE: +31 70 416 5326
FAX: +31 70 416 5307

**Предмет IT-04-82-A**
***Обвинителот против Јохан Тарчуловски***

# РЕШЕНИЕ

**ЗАМЕНИК СЕКРЕТАРОТ НА СУДОТ,**

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Статутот на Меѓународниот суд, усвоен од Советот за безбедност со резолуцијата 827 (од 1993 година), а особено членот 21 од истиот;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Правилникот за постапка и докази усвоен од Меѓународниот суд на 11. февруари 1994 година, со дополнителните измени (понатаму во текстот Правилникот) , а особено правилото 44 од истиот;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Професионалниот кодекс на бранителите кои се појавуваат пред Меѓународниот суд (понатаму во текстот "Кодекс на однесување");

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека г-динот Јохан ТАРЧУЛОВСКИ ("Обвинетиот") беше префрлен во седиштето на судот на 16. март 2005 и неговото прво појавување пред судот се оддржи на 21. март 2005;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинетиот одлучи сам да се застапува на првото појавување;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на 29. март 2005, Обвинетиот достави извештај за имотна состојба согласно со член 8 од Упатството за доделување бранител по службена должност усвоено од Меѓународниот суд на 28. јули 1994, со дополнителните измени (понатаму во текстот Упатство), како и барање за назначување на г-динот Антонио Апостолски, правник од Скопје, Македонија, како негов бранител согласно со правилото 45 од Правилникот а врз основа на тоа дека нема доволно средства да ги плати услугите на бранителот;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 30. март 2005, согласно со член 11(Б) од Упатството, Заменик секретарот на Судот го назначи г-динот Апостолски како бранител на Обвинетиот за временски период од 120 дена, заклучувајќи дека привременото доделување на бранител е задолжително да се осигура дека е

исполнето правото на Обвинетиот на бранител се додека Секретарот не ги разгледа можностите на Обвинетиот сам да ги плати услугите на еден бранител;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека назначувањето на г-динот Апостолски како бранител беше продолжено до 27. јануари 2006 кога беше назначен за постојан бранител на Обвинетиот;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 30 март 2007, г-ѓа Живковиќ беше назначена за помошник-бранител на г-динот Апостолски според член 16(Ц) од Упатството;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 1. октомври 2008 Обвинетиот го извести Секретаријатот дека го повлекува своето барање за доделување на бранител платен од Судот бидејќи Владата на Република Македонија се согласи да ги сноси трошоците за неговото правно застапување во тек на жалбената постапка;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека Секретарот доби писмо од Владата на Република Македонија со датум од 3. октомври 2008 во кое се потврдува дека Владата навистина ќе ги сноси трошоците за правното застапување на Обвинетиот во тек на жалбената постапка;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 6. октомври 2008, Обвинетиот достави полномошо за г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц, Антонио Апостолски и Јордан Апостолски со кое ги овластува г-дата Алан М. Дершовитз, Натан З. Дершовитз, Антонио Апостолски и Јордан Апостолски да го застапуваат пред Меѓународниот суд во предметот IT-04-82-A како приватно назначени бранители;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека Секретарот се согласува дека г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц и Антонио Апостолски ги исполнуваат потребните квалификации за да бидат назначени според правилото 44 од Правилникот;

**ИМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД** дека Секретарот моментно го разгледува прашањето дали г-динот Јордан Апостолски ги исполнува потребните квалификации за да биде назначен според правилото 44 од Правилникот;

**СО ОГЛЕД НА** должностите на г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц и Антонио Апостолски согласно со Статутот, Правилникот, особено правилото 44(В), и Кодексот на однесување;

**ДОНЕСУВА ОДЛУКА** да го поништи назначувањето на г-дин Антонио Апостолски како главен бранител и г-ѓа Живковиќ како помошник-бранител, која стапува во сила од датумот на ова решение; и

**ОДЛУКА** за назначување на г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц и Антонио Апостолски како бранители на Обвинетиот според правилото 44 (А) од Правилникот. Одлуката стапува во сила од датумот на ова решение.

Џон Хокинг
Заменик Секретар
/своерачен потпис/
/печат на Меѓународниот суд/

На ден, 10. октомври 2008 година
Во Хаг,
Холандија